ЕДУКАТИВНО - ДИДАКТИЧКА ИЗЛОЖБА



# СИТНА ПЛАСТИКА

## ИЗБОР ОД КОЛЕКЦИЈАТА НА МСУ

# СИТНА ПЛАСТИКА

## ИЗБОР ОД КОЛЕКЦИЈАТА НА МСУ

музеј на современата уметност, скопје
едукативно - дидактичка изложба
оддел за едукација
декември 1999

На предната страна на каталогот:

**Нацевски Ангел**, "Акт II" 1979
Печена глина, 16X12X8 см

***Ситната пластика*** е една значајна ликовна категорија од областа на скулптерата за која кај нас до пред извесен период малку се зборуваше. Но, денес, таа почнува да го добива своето место како посебна уметничка гранка.

За да се запознаеме што подобро и поопширно со ситната пластика, мораме да се посоветуваме со Лексикони, Енциклопедии и многу посочена литература во која се зборува за скулптурата,историјата на уметноста и т.н.

Најнапред треба да го откриеме значењето на зборовите:
**"пластика"**- обликување, образување, правење ликови и форми од некоја мека материја, обликување скулпторско дело, скулптура.
**"пластичен"**- творечки обликуван, кој дава облик, способен да прими и да го задржи дадениот облик, кој се употребува за правење лик и облик, кој делува со убавината на линијата и обликот, живо опишан, прикажан како да е жив, живописен.
**"пластичар"**- ликовен уметник-вајар, скулптор.

Сега веќе осознаваме дека
**ситна пластика** е уметничко дело со мали димензии, изведено или пластично обликувано од ликовен уметник-скулптор, пластичар, изработено од најразличен материјал, кој дозволува да биде обликуван со рацете на уметникот, при што се добива дело со голема живописност.

* * *

Почетоците на **ситната пластика** (воедно и на скулптурата) ќе ги бараме во старото камено време, за што сведочат до денес сочуваните женски фигури од камен со мали димензии.

Тогаш луѓето се занимавале со лов, а ги негувале магијата и магиските ритуали. Тие верувале дека со овие магиски обреди ќе може да делуваат на сето она што им е најважно за нивниот опстанокот-успешниот лов, потоа плодноста на животните и на луѓето.

На почетокот, луѓето собирале разни предмети во природата (камен, дрво, коска) во кои препознавале сличности со животните и луѓето. Тие предмети потоа им служеле при магиските ритуали кои имале за цел создавање на живот.

Во подоцнешниот период, луѓетото сами почнуваат да ги дообликуваат и обликуваат пронајдените предмети, со што се означува појавата на **пластиката.**

Со текот на времето кај луѓето се јавува потреба за што поголема живописност при обликувањето, внесување на нови материјали за изработка на пластиката, како и поголема слобода во изразувањето. За тоа сведочат пронајдените глави (черепи) од обоен гипс, со мали димензии, кои наместо очи имале морски школки. Секоја од тие глави-черепи имала своја индивидуалност-биле изработувани сосема различни едни од други.Тоа се реплицирани глави од претците кои се чувале со поколенија во фамилијата.



**Машерини Марчело**-И.
"Акт што седи", 1954, бронза,
30x18x20см



**Тицано Џовани**-И.
"Нерешителна",околу 1964,
бронза,18x13x12см



**Андреевски Томе**, МК.
"Глава",1966, метал ,
28x20x22см



**Радовани Ангели Коста**-Р.Х.
"Обло торзо", 1965, бронза,
26,8x17,2x20,9см

Се изработувале и маски (Афрички, Индијански) во најразлични форми, материјали, но, и со сосема апстрактни изразни елементи и посебни ефекти, за што поголема драматичност при изведувањето на ритуалите.

Во овие пронајдени предмети, веќе го забележуваме творечкиот-**пластичен** пристап во обликувањето на многу живописните ликови и облици.

Сите овие податоци ги добиваме од археолошките наоди при археолошките ископувања, кои придонесуваат во разјаснувањето на овие први периоди во човековиот историски развој.

* * *

Со усовршувањето на начинот на живеење на луѓето, настануваат длабоки промени и во неговиот развој, неговите согледувања за себе и за светот. Сето тоа секако се одразува на сеопштиот напредок и развој на занаетите, културата, уметностите (сликарство, скулптура, керамика, тапісерија, архитектура...)

Сега да направиме еден краток преглед на развојот на скулптурата , за да ги објасниме воедно и влијанијата и развојот на стиловите кај ситната пластика, кои придонесуваат денешната (скулптура) ситна пластика да се развива во современи услови и со современи материјали.

*Скулптурата,* особено во Грција (Египет, Асирија, Вавиловија) достигнува висок степен на развој и служи во идните епохи како пример.
Тоа се монументални примероци поврзани со развојот на архитектурата. Во Римското вајарство се развива реалистичкиот портрет. Средновековното вајарство е врзано за архитектурата и нејзиниот развој-романски и готски стил.
При крајот на средниот век скулптурата потполно се ослободува од нејзиното влијание.
За време на Ренесансата скулптурата повторно достигнува голем развој, обновувајки ги античките традиции, но со барокна драматичност и живописност.
На крајот на 18 век скулптурата влегува во класицизмот, а на почетокот на 19 век во романтизмот и реализмот.
На крај на 19 век и почетокот на 20 век почнува брзиот ритам на сменување на правците во скулптурата, паралелно со тенденциите во сликарството, импресионизмот, кубистички истражувања, па се до најновите современи апстракни движења во скулптурата.

* * *

* * *

Што се однесува до современите автори на **ситната пластика**, можеме да кажеме дека следејки ги сите модерни движења во уметноста се определуваат за *фигуративното изразување, стилизацијата, потоа за апстрактни или чисто декоративни содржини.*

*Материјалите*
кои се користат за изработување и обликување на ситната пластика се: камен, дрво, гипс, глина, восок, мермер, метал, бронза, стакло, кристал.., сето она што може да се обликува со рацете на уметникот.

*Темите-мотивите* кои ги обработуват се земени од секојдневниот живот, животински свет, антропоморфни фигури.

*Нејзината намена (функција)* може да биде најразлична:
Декоративна-во домовите, потоа за излагање во изложбените сали во музеите и галериите или како првична скица-модел.

Голем број уметници се определуваат својот творечки потенцијал и истражувања да ги насочат исклучиво кон изработување **ситна пластика.**
Некои уметници, ситна пластика работат само извесен период во своето творење.
Многу од нив пак ги прават своите првични модели-скици во мали димензии, по кои ги изведуваат своите скулптури во голем формат.

Уметниците кои изработуваат дела од ситната пластика, во последните години се почесто и се претставуваат на јавноста многу успешно. Меѓу нив освен скулптори има и голем број керамичари кои истражуваат во доменот на ситната пластика.

Оттука, можеме да кажеме дека **современата ситна пластика** веќе го наоѓа своето место како посебна уметничка гранка (дисциплина).

* * *

Со поставувањето на оваа едукативно-дидактичка изложба, се имаше на ум две работи: да се презентираат дела кои припаѓаат на оваа дисциплина, а не биле прикажани на јавноста повеќе од десет години и второ; при едукативно дидактичката изложба "Керамика"-избор од колекцијата на МСУ, од минатата година, се наметна потребата за дообјаснување и расчистување на дилемата што се јавуваше при споменувањето на ситната пластика.

При изборот на делата за оваа изложба, исклучиво се водеше грижа за едукативниот дел на изложбата, со цел да се претстават различните материјали за нејзина изработка, темите и начините на изразување во ситната пластика, а димензиите се ограничени до 35 см.

Практичниот дел на оваа едукативно-дидактичка изложба ќе се одвива во музејскиот Практикум.

Елизабета Јанковска



**Солс Фред**-САД.
"Сигнал земја-небо",1965,
алуминиум,32x24x7см



**СмајиќПетар**-Р.Х.
"Селанка со крава",1963,
дрво,35x22x8см



**Мачукатин Велибор**-Р.Х.
"Конче",1959,бронза,20x17x8см



**ЈанковиќНикола**-Р.Х.
"Предмет-фигура",
околу 1963,
политирано дрво,
27,5x8x8см



**Беќаровски Насо**, МК.
"Форми од природата 3",1978,
камен,18x12x11см



**Арнаудов Симеон**, МК.
"Композиција 81", 1981,
мермер, 23x14x8см

КАТАЛОГ

**Андреевски Томе**, МК.
"Глава",1966, метал , 28x20x22см
**Арнаудов Симеон**, МК.
"Композиција 81", 1981, мермер, 23x14x8см
**Басталец Стјепан**-Р.Х.
"Страв", 1961, камен-рељеф, 21x14x12см
**Бе́каровски Насо**, МК.
"Форми од природата 3",1978, камен,18x12x11см
**Гверини Лоренцо**-И.
"Бронзето",1952, бронза, 11x11x2,5см
**Ивановски Александар-Карадаре**, МК.
"На пешачки премин",1979, алуминиум, 20x27x19 см
**ЈанковиќНикола**-Р.Х.
"Предмет-фигура", околу 1963, политирано дрво, 27,5x8x8см
**Кичин Стјепан**-Р.Х.
"Женска глава", дрво, 1962, 25x16x16см
**Костка Јозеф**-Р.Словачка
"На кејот", 1962, бронза патинирана, 35x20x10см
**Кривиќ Ненад**-Р.Х.
"Мобиле1",1962,бронза патинирана,13x12,5x6см
**Мачукатин Велибор**-Р.Х.
"Конче",1959,бронза,20x17x8см
**Машерини Марчело**-И.
"Акт што седи", 1954, бронза, 30x18x20см
**Митриќески Боро**,-МК.
"Акт", 1979, бронза, 7x22x8см
**Мусовиќ Богдан**,-МК.
"Диск3", 1980, мермер-прилепски сивец, 28x20x9см
**Нацевски Ангел,-** МК.
"Акт 2", 1979, печена глина, 16x12x8см
**Пољан Јосип**-Р.Х.
"Фигура 2",1958, бронза, 17x5x1,5см
**Радовани Ангели Коста**-Р.Х.
"Обло торзо", 1965, бронза, 26,8x17,2x20,9см
**Славковски Крсто**,МК.
"Композиција-Фамилија", 1976, дрво, 18x13x15см
**Смајиќ Петар**-Р.Х.
"Селанка со крава",1963,дрво,35x22x8см
**Солс Фред**-САД.
"Сигнал земја-небо",1965,алуминиум,32x24x7см
**Тицано Џовани**-И.
"Нерешителна",околу 1964,бронза,18x13x12см

издава: музеј на современата уметност, скопје, самоилова бб, тел.117734 факс 110123, избор од колекцијата на мсу - ситна пластика - декември 99, за издавачот: зоран петровски, организација на излижбата и каталог: елизабета јанковска, фотографии од архивата на мсу, дизајн и печат: **de still**, тираж 300